# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО МАШИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ” ОД АВТОРОТ ВОН. ПРОФ. СИМЕОН СИМЕОНОВ,МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2202-73/17 од 10.9.2015 г., на 34. редовна седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет одржана на 10.9.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. Петар Симоновски, редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- проф. Дарко Данев, редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО МАШИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ” од авторот вон. проф. Симеон Симеонов,** наменет за студентите на прв циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Учебното помагало со наслов „*ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО МАШИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ”*, а називот на предметот за кој е наменета е Машински елементи за 4 семестар, неделен фонд на часови 3+2+2.

Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот**

Учебното помагало е со број на страници 154, формат А4, обработува 42 задачи со 40 слики и 12 табели, а според обемот и содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Учебни помагала со слична содржина (збирка задачи) има објавено во Република Македонија на Машинскиот факултет во Скопје и Техничкиот факултет во Битола. Ракописот на предложената збирка од авторот Симеон Симеонов е напишан според наставната програма на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Краток опис на содржината**

Овој ракопис ги содржи следните поглавја: Предговор, 1-Општ дел, 2-Навојни споеви, 3-Пружини, 4-Осовини и вратила, 5-Лежишта, 7.Цевни инсталации, 8. Назабени преносници, 9-Ремени преносници, 10-Фрикциони преносници, 11-Вериги, 12-Комбинирани задачи, 13 Цврсти склопови, Литература.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот на учебното помагало „Збирка задачи по Машински елементи“ од авторот Симеон Симеонов според својата содржина има педагошки и научен квалитет, а истиот ќе послужи за стекнување на основните познавања за решавање на практични задачи од машински елементи, како за студентите за кои е наменета така и за вработени во работни организации кои се сретнуваат со оваа материја. Ракописот ги задоволува критериумите за објавување, а се категоризира како учебно помагало (збирка задачи).

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Петар Симоновски**
**Проф.д-р Дарко Данев**